На состанокот одржан на 15.09.2020 година Управниот одбор на Природно-математичкото здружение АРМАГАНКА, согласно својот Статут, донесе

# ПРАВИЛНИК

за доделување на наградата ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР САМАРЏИСКИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат постапката и критериумите за доделување на наградата Проф. д-р Александар Самарџиски.

**Член 2**

Наградата ја доделува Управниот одбор на здружението, на предлог на Комисија за доделување на наградата составена од тројца членови на здружението.

Комисијата од претходниот став ја формира Управниот одбор на здружението.

**Член 3**

Комисијата за доделување на наградата изготвува единствена ранг листа за постигањата на учениците, учесници на меѓународните математички натпревари (олимпијади).

При рангирањето се земаат во предвид само резултатите постигнати на олимпијадите на кои учествуваат ученици од седум или повеќе земји.

**Член 4**

Се рангираат само учениците кои учествувале на најмалку две третини од меѓународните математички натпревари кои се реализираа во нашата држава и на кои учениците можат без предуслови да се пријават.

Меѓународни математички натпревари во смисол на став еден од овој член се:

- Иранска геометриска олимпијада (средно ниво),
- Европски математички куп (категорија сениор),
- Азиско-пацифичка математичка олимпијада,
- Медитеранска математичка олимпијада,
- Финален математички куп (категорија сениор),
- Турнир на градови (10 и11 клас, основна и напредна варијанта).

При рангирањето се земаат предвид и резултатите на учесниците на:

- Балканската математичка олимпијада,
- Европска олимпијада за девојчиња и
- Меѓународната математичка олимпијада.

Доколку олимпијадите од став 3 од овој член не се одржуваат во исто време во една држава-домаќин, тогаш постигнатите резултати на овие олимпијади се вреднуваат само ако при реализирањето на истите е обезбеден меѓународен надзор.

Меѓународниот надзор во смисол на претходниот став од овој член се обезбедува со делегирање на КОМИСИОНЕР од страна на организаторот на натпреварот.

**Член 5**

Комисијата за доделување на наградата, по претходна согласност на Управниот одбор на здружението, во рангирањето на учениците може да вклучи и друг меѓународен математички натпревар кој ги исполнува условите од став 2, член 3 на овој Правилник.

За дополнување на листата натпревари кои се земаат предвид при изготвување на единствената ранг листа јавноста се известува преку соодветно соопштение на web-страната на здружението.

**Член 6**

Заради различните критериуми при вреднувањето на постигањата на учениците на математичките олимпијади од член 4 од овој Правилник, т.е. заради различниот број бодови со кои се вреднува една задача, а со цел реално споредување на постигањата на учениците Комисијата за доделување на наградата врши усогласување на вреднувањето на постигањата на учениците на различните олимпијади и тоа:

- бодовите кои ученикот ги освоил на определена олимпијада се множат со коефициент $\frac{7k}{n}$, каде $k$ е бројот на задачите кои се задаваат на таа олимпијада, а $n$ е максималниот број бодови кои може да се освојат на таа олимпијада.

Заради различните нивоа на олимпијадите и фактот дека сите ученици не се во можност да учествуваат на сите наведени олимпијади, Комисија за доделување на наградата врши ново усогласување на постигањата на учениците така што бодовите кои ученикот за одделна олимпијада ги добил по усогласувањето од став 1 од овој член ги множи со соодветниот тежински коефициент за таа олимпијада и тоа со:

| Р. број | Олимпијада | Теж. кое. |
|---|---|---|
| 1. | Иранска геометриска олимпијада (средно ниво) | 1,00 |
| 2. | Медитеранска математичка олимпијада | 1,10 |
| 3. | Европски математички куп (категорија сениор) | 1,30 |
| 4. | Финален математички куп (категорија сениор) | 1,30 |
| 5. | Турнир на градови (10 и11 клас, основна варијанта) | 1,50 |
| 6. | Балканската математичка олимпијада | 1,60 |
| 7. | Европска олимпијада за девојчиња | 1,60 |
| 8. | Турнир на градови (10 и11 клас, напредна варијанта) | 1,80 |
| 9. | Азиско-пацифичка математичка олимпијада | 1,90 |
| 10. | Меѓународната математичка олимпијада | 2,00 |

Доколку Комисијата за доделување на наградата во рангирањето вклучи и друг натпревар, тогаш таа за тој натпревар определува тежински коефициент, за што ги известува Управниот одбор на здружението и јавноста, преку соодветно соопштение на web страната на здружението.

За секој ученик за секоја олимпијада на која ученикот учествувал Комисијата за доделување на наградата го пресметува просечниот број поени по задача кои ученикот го освоил на таа олимпијада, добиени по второто усогласување, а потоа за вака добиените поени пресметува аритметичка средина на постигањата на ученикот.

Според пресметаните аритметички средини од став 4 од овој член Комисијата за доделување на наградата изготвува табела со единствена ранг листа на постигањата на учениците и истата ја доставува  до Управниот одбор, кој ја објавува на web страната на здружението.

Табелата за единствената ранг листа од став 5 од овој член за секој ученик ги содржи поените освоени на секоја олимпијада на која учествувал, како и сите пресметувања се до добивањето на коефициетот за конечното рангирање.

**Член 8**

Според извршеното рангирање Управниот одбор на здружението, ученикот/та кој/а е најдобро рангиран/а го прогласува за добитник на наградата за соодветната учебна година.

Доколку двајца или повеќе ученици се со ист резултат, тогаш се споредуваат аритметичките средини од просечно освоените поени по задача на олимпијадите на кои овие ученици заедно учествувале и добитник на наградата е ученикот кој има подобар просек.

Доколку повторно двајца или повеќе ученици се со ист резултат, тогаш учениците кои според став 2 оствариле ист резултат се добитници на наградата.

**Член 9**

Управниот одбор може да одлучи наградата да не биде доделена, доколку по извршеното рангирање Комисијата препорача дека ниту еден од учениците не постигнал резултати кои се задоволителни за добивање на наградата.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила 8 дена по неговото објавување на web страната на здружението.

Измени и дополувања на Правилникот може да се вршат на начин и постапка на кој истиот е донесен.

15.09.2020 година
Скопје

Претседател на Армаганка
Проф. д-р Алекса Малчески